# Извештај за годишната ревизија за 2024

## Ревизорски услуги
## Обезбедени за ТИТАН УСЈЕ од страна на функцијата Внатрешна ревизија при Групацијата Титан

**Извештај изготвен од: Димитрис Валсамопулос**
**Менаџер за внатрешна ревизија, ЈИ Европа и Турција**
**Групација ТИТАН Внатрешна ревизија**

**Датум на издавање: 18/12/2024**

## А. Вовед

Услугите за внатрешна ревизија на ТИТАН УСЈЕ ги обезбедува независната функција на Групната Внатрешна Ревизија (ИА) на ТИТАН. Според тековната организациска структура на Групацијата ТИТАН, раководителот на ревизија и усогласеност на Групацијата функционално одговара на Одборот за ревизија и ризици на Групацијата ТИТАН, а административно на Финансискиот директор и Генералниот директор на ТИТАН Цемент Интернационал.

Во однос на деловната единица ТИТАН УСЈЕ, главната цел на функцијата на Групациската Внатрешна ревизија на ТИТАН е да обезбеди независно и објективно мислење за внатрешните контроли, управувањето со ризиците и системите за корпоративно управување до Одборот на директори на ТИТАН УСЈЕ, како и до Одборот на директори и Одборот за ревизија и ризици на Групацијата ТИТАН, преку проценка на нивната ефикасност во постигнувањето на деловните цели.

Дополнително, Групациската Внатрешна ревизија обезбедува консултантски услуги, по барање на Генералниот менаџмент на ТИТАН УСЈЕ или Регионалниот менаџмент на ТИТАН.

## Б. Задачи за внатрешна ревизија во 2024 година

Тимовите „Југоисточна Европа и Турција“ и „Внатрешна ревизија за ИТ“ во ТИТАН УСЈЕ спроведоа задача за ревизија на постимплементацијата во контекст на транзицијата од претходниот ERP софтвер на SAP S/4HANA. Задачата беше спроведена во втората половина од 2024 година и е дел од проектот кој ги опфаќа сите пет деловни единици од регионот на Југоисточна Европа.

Проектот за имплементација на SAP има цел да структурира системите во рамките на Групацијата ТИТАН Цемент. ERP софтверот SAP обезбедува централизирана платформа за беспрекорен пристап и размена на податоци помеѓу секторите. Тој ги замени претходните ERP системи Alfa и Coswin, покривајќи ги сите сектори на ТИТАН УСЈЕ.

Задачата вклучуваше:

1. Проверка на миграцијата на податоци, со цел да се процени комплетноста и точноста на миграцијата на податоци спроведена како дел од имплементацијата на UBRO (Проект за интеграција на Балканот), во однос на завршните и почетните салда и основните податоци за деловните партнери, материјали и залихи.

При транзицијата од системите Alfa и Coswin на SAP S/4HANA, спроведовме сеопфатна проверка на точноста на основните податоци и салда пренесени за следните категории на сметки:

- Материјали (резервни делови, суровини, горива и друго)
- Деловни партнери – Купувачи
- Деловни партнери – Добавувачи

Нашата примарна цел беше да се идентификуваат сите несогласувања помеѓу завршните салда на наведените категории на сметки заклучно со 31 декември 2023 година во Alfa, и почетните салда на соодветните сметки од 1 јануари 2024 година во SAP S/4HANA, врз основа на релевантното мапирање. Понатаму, ги проверивме датотеките за миграција и ги усогласивме основните податоци мигрирани во SAP S/4HANA.

**2. Пост-имплементациска ревизија на SAP за модулот Финансии и Сметководство (FI)**

Целта е да се провери и процени ефикасноста на критичните апликативни контроли во соодветните SAP модули. Опфатот вклучуваше регистрирање на фактури кои произлегуваат

од синџирот на набавки во однос на Порачка за набавка (ММ фактури) или се регистрирани директно во SAP и за кои не е издадена порачка (FI фактури).

Главни точки кои беа оценети:

- Верификација на фактури (усогласување на три нивоа) при регистрирање на фактура (разлики во цената).
- Проверка за дупликати на фактури (за FI фактури).
- Постапката за блокирање – деблокирање на фактури врз основа на специфична причина и одобрување.
- Процесот на плаќање (предлог за плаќање, обработка и извршување на плаќање) за последователно плаќање на разгледуваните фактури.
- Сторнирање на фактури на добавувачи.
- Други сметководствени аспекти како поставки за автоматско книжење во главните книги и претходни периоди.

**3. Пост-имплементациска ревизија на SAP за модулите Набавка (главно) и Магацин (ММ)**
На сличен начин, целта е да се провери и процени ефикасноста на критичните апликативни контроли во соодветните SAP модули.

Го проверивме локалниот процес на набавка со фокус на следниве под-функции:

- Креирање и модификација на добавувачи – управување со податоци за добавувачи (регистрирање и модифицирање на клучните компоненти).
- Креирање, промена и одобрување на Барање за набавка.
- Управување со Барања за понуди.
- Креирање, промена и одобрување на Порачки за набавка (вклучувајќи Порачка за ослободување).
- Примање на материјали и услуги.
- Управување со работни налози и договори.
- Изборни аспекти на управување со материјали, како нивоа на толеранција и негативни залихи.

4. Ревизија на SAP за конфликти при Распределба на должности по модул SD (Продажба)
5. Ревизија на SAP за конфликти при Распределба на должности по модул FI (Финансии и Сметководство)
6. Ревизија на SAP за конфликти при Распределба на должности по модул ММ (Набавка и Магацин)

Целта на овие проекти е да се провери и процени доделувањето на права за пристап на SAP и дизајнот на улоги за да се осигура дека соодветната Распределба на должности е зачувана во соодветните SAP модули и ефикасно функционира како контрола.

Опфатот не вклучува проверка на точноста, коректноста и комплетноста на трансакциите извршени по имплементацијата на SAP S/4HANA.

**В. Општо мислење - Статус**
Задачата е во тек, се очекува да биде финализирана на почетокот на 2025 година.

Потврдувам дека правилно го извршив преводот од англиски на македонски јазик.

I, the undersigned, herewith confirm that the translation from English into Macedonian has been truly and properly done.

Судски преведувач
Стојковска Анита
Скопје, 25.04.2025 година

Certified sworn-to-court translator
Stojkovska Anita
Skopje, 25/04/2025